ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2021 07 01/2

Скопје, јануари 2022 година

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 19 |
| **Финансиски извештаи за 2020 година** | |
| Биланс на приходи и расходи | 20 |
| Биланс на состојба | 21 |
| Преглед на промени на капиталот | 22 |
| **Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи** | |
| Вовед | 23 - 25 |
| Сметководствени политики | 25 - 28 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | 28 - 36 |
| Прилог бр.1 Преглед на резултатите од преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија | |

Кратенки користени во извештајот:

РСМ –Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 16-50/2
Датум: 20.01.2022

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Аеродром, сметка на основен буџет (637), за 2020 година.

Со извршената ревизија за 2020 година, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2020 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија за 2015 година и издаден е конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Аеродром, сметка на основен буџет (637) во кој е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи.
Ревизијата опфати спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2015 година на Општина Аеродром и утврди дека од дадените пет препораки спроведени се две препораки, една е делумно спроведена, а две препораки не се спроведени.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност кај Општина Аеродром, сметка на основен буџет (637) за 2020 година, констатирани се следниве состојби:

- слабости во примената на законски пропишаната рамка за ангажирање на привремено вработени лица во општинската администрација;
- во договорите за ангажирање на сезонските работници за извршување на јавните работи не е уредено законското право на осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување;
- критеримите за оценка на барањата за донации и спонзорства се општи и не даваат уверување за оправданоста на доделените средства. Општината

на својата веб страна не ги објавува субјектите кои добиле средства од буџетот на општината, а извештаите за реализираните програмски активности од областа на културата, спортот и социјалната заштита за 2020 година не содржат финансиски податоци за искористените средства;

- непрецизно утврдените критериуми се причина 98% од средствата од Програмата за поддршка на спортот за 2020 година, да се наменат за поддршка на спортски клубови, а 2% за поддршка на училишен спорт. На КК МЗТ Скопје Аеродром, исплатени се 25.000 илјади денари или 90% од вкупните средства за поддршка на спортските клубови, по барање кое е општо, без програма за работа, активности и износот на средства за кои се бара финансиска поддршка;
- не е евидентирано земјиште и дел од недвидвижниот имот сопственост на општината, инвестициони градби и други капитални вложувања и неправилно и нецелосно е спроведен пописот на средствата и обврските за 2020 година;
- при спроведување на јавните набавки утврдени се одредени неправилности во однос на непочитување на законски утврдените рокови и не спроведени постапки за јавни набавки.

Со цел подобрување на состојбите, ревизијата даде препораки за преземање на мерки и активности заради надминување на утврдените состојби.

Во делот на Прашања на неизвесност и континиутет ревизијата извести за преземени активности од страна на општината во насока на решавање на долгогодишниот проблем со недостиг на сопствен простор за вршење на дејноста, кои доколку не се реализираат со утврдената динамика би влијаеле на идните расходи на општината по овој основ.

Во 2020 година, Општина Аеродром, заради заштита, превенција и справување со пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД – 19, исплатила 100 илјади денари за поддршка на Црвениот крст на Град Скопје за помош на ранливите целни групи.

Во делот на останати прашања, ги обелоденивме состојбите кои се однесуваат на системски слабости, во постојните законски прописи, односно начинот на финансирање на активностите од областа на спортот од аспект на попрецизно и појасно дефинирање и разграничување на надлежностите кои ги имаат општините во градот Скопје, донесување на посебна програма и нејзино финансирање од буџетот на општината.

Од страна на одговорното лице на Општина Аеродром не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 20 до 22 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Аеродром сметка на основен буџет (637), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа за 2021 година на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија за 2015 година и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Аеродром, сметка на основен буџет (637) во кој е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на градоначалникот на Општина Аеродром застапувано од:

- Златко Марин, градоначалник на Општина Аеродром од 15.10.2017 година до 26.10.2021 година;
- Тимчо Муцунски, градоначалник на Општина Аеродром од 26.10.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Градоначалникот на општината е исто така одговорен за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 07.06.2021 до 10.09.2021 кај Општина Аеродром од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Марина Блажеска, помошник на главниот државен ревизор, со овластување и овластен државен ревизор;
- Катерина Чалоска Алексовска, раководител на ревизија, со овластување и овластен државен ревизор;
- Мирјана Симакоска, виш ревизор и овластен државен ревизор;
- Рамадан Алија, самостоен ревизор;
- Адем Тахири, виш ревизор;
- Ирена Крстаноска, ревизор и овластен државен ревизор;
- м-р Мартин Мајсторов, ревизор.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1 погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 12-88/10 од 29.09.2016 година. Утврдивме дека од дадените пет препораки спроведени се две препораки, една е делумно спроведена, а две препораки не се спроведени. (Прилог 1).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со градоначалникот и одговорните лица на општината - предмет на ревизија, на ден 18.10.2021 година.

Од страна на одговорното лице на Општина Аеродром не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Констатирани се следниве состојби :

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Во текот на 2020 година, општината исплатила средства во вкупен износ од 3.063 илјади денари, за 11 привремено ангажирани лица преку Агенција за привремени вработувања. Лицата се ангажирани за вршење на редовни работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места, а двајца од нив, се ангажирани континуирано за период подолг од две

години. Ваквиот начин на постапување, не е во согласност со член 24 од Законот за приватните агенции за вработување, кој предвидува во кои случаи (замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, сезонска работа, работа на проекти, специфични неконтинуирани работи и непредвидливи краткотрајни активности), агенцијата може да отстапи работник за вршење на привремени работи и да склучи договор, но не подолго од две години, со или без прекин.

Привремените вработувања во општинската администрација кои не се во согласност со законски пропишаната рамка за вработување, укажуваат на намалена транспарентност при вработувањето, субјективност во изборот на лица и нивна повластена положба во постапката за работното ангажирање кое го стекнале.

По спроведените постапки за вработување во годината предмет на ревизија и 2021 година, во општината вработени се 27 лица согласно предвидените работни места со Правилникот за систематизација на работни места, со што бројот на привремени вработувања во 2021 година е намален на 5 привремено ангажирани лица.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општина Аеродором да преземе мерки и активности, привременото ангажирање на работници преку Агенција за привремени вработувања да се врши само во случаите кои се предвидени со законските одредби, но не подолго од две години, со или без прекин.

4.1.2. Со Програмата за јавни работи за 2020 година[1], предвидено е ангажирање на лица за вршење на јавни работи, т.е. за одржување на чистота на јавните површини, зеленило и паркови, локални улици, патишта, јавни пешачки површини и тротоари во зимски услови и слично.

Во 2020 година, бројот на ангажирани лица по склучени договори и анекс договори[2] се движи од 93 до 104, за што се исплатени средства во вкупен износ од 16.366 илјади денари.

Со извршениот увид во начинот на регулирање на меѓусебните права и обврски и реализација на програмата за јавни работи за 2020 година, констатирано е следново:

- Во договорите за извршување на јавните работи, согласно Одлуката од Совет[3] определен е паричен надоместок од 550 денари дневно, без да се наведе дали истиот вклучува и осигурување во случај на несреќа при

[1] „Службен гласник на Општина Аеродром" бр. 17/2019

[2] Договори за вршење на јавни работи од 07.02.2019 година и Анекси кон договорите за вршење на сезонски работи од 31.12.2019 година и 30.04.2020 година

[3] Број 09-530/20 од 27.12.2018 година и Број 09-9/3 од 25.01.2019 година

работа и професионално заболување. Вака дефинираните меѓусебни права и обврски не обезбедуваат уверување дека е испочитувана обврската од членот 85 став 2 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, каде е определено дека на овие лица, организаторот е обврзан да им обезбеди осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување под услови и на начин утврдени со договор меѓу организаторот на работите и ангажираните невработени лица;

- За реализација на програмските активности за јавни работи за 2019 и 2020 година не е изготвен извештај од одделението за комунални работи и заштита на животната средина на Општина Аеродром, односно не е постапено согласно точка 6 од Програмата во која е наведено дека надзор над извршувањето ќе врши Советот на општината преку усвојување на Извештај за реализација на програмата.

Не обезбеденото право на осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување за сезонските работници при регулирање на меѓусебните права и обврски не дава соодветна заштита во случај на несакани настани и создава ризик од исплата на штети од буџетот на општината. Од друга страна, отсуството на извештај за реализација на годишните програмски активности не овозможува редовно информирање и надзор од страна на Советот и не обезбедува уверување за соодветното користење на средствата по овој основ, што влијае на транспарентноста и отчетноста во работењето на општината.

**Препорака:**

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности:

- во договорите за ангажирање на лица за вршење на јавни работи, да се регулира правото на осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување;
- одделението за комунални работи и заштита на животната средина надлежно за извршување на Програмата за јавни работи, да изготвува годишен извештај за реализација на програмските активности и истиот да го доставува до Советот.

4.1.3. Во однос на постапките за доделување на средствата за реализација на програмските активности на општината од области во нејзина надлежност ги утврдивме следниве состојби:

- Доделувањето донации и спонзорства на правни и физички лица, општината го врши според Правилник со критериуми за доделување

донации и спонзорства[4]. Според Правилникот, донациите и спонзорствата се доделуваат на физички и правни лица, врз основа на поднесено барање до општината и врз основа на објавен јавен оглас.

Во постапките за доделување донации и спонзорства, врз основа на јавен оглас одлучува Комисија за донации и спонзорства по утврдени критериуми, а по поднесено барање до општината непосредно одлучува советот. Основните критериуми според кои се одлучува по поединечните барања за донации и спонзорства се општи, односно недостасуваат критериуми за оценка на програмата/проектот, целите и очекуваните резултати, што не дава уверување за објективен избор и оправданост на доделените средства. Со ваквиот начин на финансиска поддршка не е во целост испочитуван член 49 став 2 од Законот за здруженија на граѓани и фондации[5] каде советите на општините треба поблиску да ги уредат условите за распределба и користење на средствата.

- На веб страната на општината не се објавени субјектите кои добиле средства од буџетот на општината, како и целите за кои ги добиле тие средства и тоа: за спортски клубови во износ од 27.700 илјади, за поддршка на културни манифестации и проекти од значење за општината во износ од 1.570 илјади денари и 910 илјади денари за поддршка на активностите во делот на социјалната превенција и заштита на жителите изложени на социјални ризици, што не е во согласност со член 49 став 4 од Законот за здруженија на граѓани и фондации.
- За реализација на програмските активности од областа на културата, спортот и социјалната заштита за 2020 година, надлежните служби во општината имаат изготвено извештаи, но без финансиски податоци за искористените средства за секоја поединечна активност, односно нивното наменско користење, што не е во согласност со член 26 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

Финансирањето на активностите од областите за кои е надлежна општината, без соодветно утврдени критериуми во однос на изборот на проекти и одредување на висината на средства, не обезбедува подеднакви услови за сите заинтересирани страни и не го запазува буџетското начело за транспарентност. Годишното известување за реализација на програмските активности на општината не обезбедува отчетност и не дава уверување за наменското користење на средствата по овие основи.

4.1.4. Со цел обезбедување поддршка на спортот, во рамките на можностите и расположливите средства во буџетот за 2020 година за таа намена, од страна

[4] Бр. 85/15 од 01.03.2018 година
[5] „Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016

на советот, усвоена е Програма за поддршка на спортот во Општина Аеродром за 2020 година[6]. Програмата ги опфаќа следниве мерки и активности:

**А.** Поддршка на спортски манифестации и активности што се организираат на подрачјето на Општината од страна на здруженија на граѓани;

**Б.** Поддршка на спортски клубови со седиште на територијата на Општина Аеродром;

**В.** Еднократен паричен надоместок за талентирани спортисти;

**Г.** Поддршка на училиштен спорт;

**Д.** Овозможување бесплатно користење на спортските терени за жителите на Општина Аеродром;

**Ѓ.** Активности во насока на реализација на изградба на спортски терени и објекти за развој на спортот во Општина Аеродром.

За реализација на програмските активности за 2020 година, планирани се средства во вкупен износ од 29.770 илјади денари, а со измените на Програмата[7], средствата за оваа намена се намалени на 28.760 илјади денари. Причина за намалениот обем на средства е состојбата предизвикана од вирусот КОВИД – 19, односно дел од планираните средства за активностите кои се однесуваат на поддршка на спортски манифестации и активности кои се организираат на подрачјето на општината и еднократен паричен надомест за талентирани спортисти се пренасочени за поддршка на спортски клубови со седиште на територијата на Општина Аеродром во износ од 1.200 илјади денари и за Поддршка на училишен спорт во износ од 260 илјади денари.

Од извршениот увид во начинот на распределба на средствата по активности ревизијата ги констатира следниве состојби:

- ✓ Најголем дел од средствата, односно 28.200 илјади денари или 98% се планирани за поддршка на спортски клубови со седиште на територија на Општина Аеродром, а 560 илјади денари или 2% за поддршка на училишниот спорт.
- ✓ Активностите за поддршка на спортските клубови со седиште на територија на општината, како посебна мерка во рамките на реализација на Програмата за поддршка на спортот во Општина Аеродром за 2020 година, се спроведени преку Секторот за образование, спорт, култура и заштита и Секторот за финансиски прашања, по донесена Одлука за исплата на парична помош – донација/спонзорство од страна на Советот на Општина Аеродром и добиено позитивно мислење за потврда на јавниот интерес на спонзорството/донацијата од страна на Министерството за правда на РСМ.

  Во текот на 2020 година за поддршка на спортски клубови со седиште во

[6] „Службен гласник на Општина Аеродром" бр. 17/2019
[7] „Службен гласник на Општина Аеродром" бр. 13/2020

општината од вкупно планираните 28.200 илјади денари, по договори за спонзорства и донации реализирани се 27.700 илјади денари, од кои 25.000 илјади денари или 90,3% исплатени се на КК МЗТ Скопје Аеродром АД Скопје, а останатите 2.700 илјади денари или 9,7% на други шест спортски клубови.

во 000 денари




- ✓ Барањето за финансиска помош за 2020 година[8] што КК МЗТ Скопје Аеродром го има доставено до општината не содржи програма за работа со предвидени активности за натпреварувачката сезона и износот на средства потребни за нивна реализација. Во барањето се дадени општи информации во однос на целите на клубот: подобрување на квалитетот на работењето, зголемување на бројот на деца во младинска школа, подобар резултат во АБА 2 лигата и др. и истото е идентично на барањата за 2018 и 2019 година. Врз основа на нецелосни барања советот на општината во периодот 2018 - 2020 година на споменатиот клуб има одобрено 70.000 илјади денари на име спонзорство.

Во услови на непостоење на прецизни и јасни критериуми, врз основ на кои треба да се одлучува по поднесено барање за финансиска поддршка, а барањата од субјектот со години се идентични, односно не содржат програма за работа, активности и средства потребни за нивна реализација, не можевме да добиеме уверување за оправданоста на висината на исплатените буџетски средства за оваа намена. Ваквиот начин на финансирање на активностите од областа на спортот, не е во согласност со член 22 – а од Законот за спортот и член 22 од Законот за локалната самоуправа со кои се уредени надлежностите на општините во однос на спортот и рекреацијата, а тоа се развојот на масовниот спорт и рекреативните активности, организирањето на спортски приредби и манифестации, одржувањето и изградбата на објекти за спорт и поддршка на спортски сојузи, како и начинот на донесување на програмите.

[8] Бр.09-650/1 од 27.12.2019 година

**Препорака**:

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности:

- во Правилникот со критериуми за доделување донации и спонзорства да се утврдат јасни и прецизни критериуми според кои ќе се одлучува по поединечни барања за донации и спонзорства;
- субјектите кои добиле средства за поддршка на активностите кои се во надлежност на општината да се објавуваат на веб страната на општината;
- извештаите за реализација на програмските активности да содржат финансиски показатели.

4.1.5. Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа, а во врска со член 6-а од Законот за спортот, Советот на Општина Аеродром има донесено Одлука за утврдување на интерес за учество во основање на акционерско друштво за вршење на спорт[9], со кои основач на акционерското друштво КК МЗТ Скопје Аеродром АД Скопје е Општина Аеродром. Основачката главнина на друштвото во денарска противвредност од 25.000 евра е обезбедена од страна на општината. Согласно Статутот на МЗТ, управувањето на друштвото се организира според едностепен систем на управување. Органи на друштвото се: Собрание на друштвото и Одбор на директори. Акционерите (општината) своите права во друштвото ги остварува во Собранието на друштвото, а правата и обврските на собранието ги врши претседателот на советот на општината.

Одлуките донесени од Собранието на друштвото, особено оние кои се однесуваат за финансиското работење (годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата), кои треба да бидат одобрени од страна на собранието не се објавени во службените гласници на општината, обврска предвидена со член 19 од Статутот на друштвото.

Ваквото постапување, не дава уверување дека Општина Аеродром има увид, односно надзор во работењето на КК МЗТ Скопје Аеродром, односно ги остварува своите права како единствен акционер на клубот.

**Препорака:**

Претседателот на советот на општината како претседател на собранието на друштвото да преземе мерки и активности, одлуките на собранието на друштвото да се објавуваат во Службените гласници на Општина Аеродром.

[9] Бр. 07-206/7 од 27.06.2012 „Сл. гласник на Општина Аеродром" бр.14 и бр. 07-240/22 од 16.07.2012 година „Сл. гласник на Општина Аеродром" бр. 16 од 2012 година

4.2. **Финансиски извештаи**

4.2.1. Од извршениот увид во сметководствената и материјалната евиденција на постојаните средства кои на ден 31.12.2020 година, се проценети во износ од 1.236.701 илјада денари, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Општина Аеродром располага со имот добиен со Одлуки на Владата на РСМ за пренесување во сопственост на недвижни ствари (земјиште и објекти), од нејзиното основање до 2020 година, но истиот не е во целост евидентиран во деловните книги на општината. Од причина што надлежните служби не располагаат со целосна поткрепувачка документација, ревизијата не беше во можност да утврди дали добиениот имот е запишан во јавната книга за запишување на правата на недвижности во Агенцијата за катастар на недвижности (обезбедени имотни листови) и дали е извршена процена на вредноста на имотот, основ за сметководствено евидентирање.
- Недвижниот имот по склучени договори за засновање право на долготраен закуп на градежно земјиште со непосредна спогодба, без надомест во времетраење од 99 години и инвестиционите градби (паркови, спортски терени и други објекти од јавен интерес) во зависност од намената за која е дадено земјиштето не се евидентирани во деловните книги.

Ваквата состојба на нецелосно евидентирање на недвижниот имот не е во согласност со член 64 од Законот за локална самоуправа и член 12 и 22 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно проценување на билансните позиции за тековната година.

**Препорака:**

Градоначалникот во координација со Секторот за правни работи и имот и имотно правни работи и Секторот за финансиски прашања во општината, да преземат активности за:

- упишување на правото на користење недвижен имот во Агенцијата за катастар на недвижности;
- проценка на вредноста на земјиштето и објектите за кои се обезбедени документи за сопственост и нивно евидентирање во деловните книги.

4.2.2. Пописот на средствата и обврските со состојба на 31 декември 2020 година не е извршен на начин предвиден со одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, од следниве причини:

- за член на централна пописна комисија, назначено е лице вработено во Секторот за финансиски прашања, одговорен сметководител, со што лицето задолжено за водење на сметководството и деловните книги како член на пописната комисија врши усогласување на фактичката со сметководствената состојба. Не разграничувањето на должностите не е во

согласност со член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, кој предвидува поделба на должностите со која едно лице нема да ги контролира сите значајни операции и не обезбедува функционирање на контролите на управување за остварување на целите на субјектот;

- пописната комисија нема извршено попис на материјалните средства во подготовка во износ од 33.195 илјади денари врз основ на кој ќе се утврди степенот на довршеност на инвестицијата за секој одделен објект, ниту е извршен попис на градбите евидентирани на вонбилансна евиденција во износ од 588.533 илјади денари, што не е во согласност со член 29 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;

Поради нецелосно и неправилно извршениот попис, ревизијата не доби соодветни ревизорски докази за да се увери во реалноста и објективноста на искажаните билансни позиции за тековната година.

**Препорака:**

Пописната комисија да спроведе попис на средствата и обврските, да изврши усогласување на фактичката со сметководствената состојба и врз основа на резултатите од пописот да се изготви извештај кој ќе биде основа за евидентирање во сметководствената евиденција.

4.2.3. Вонбилансната евиденција на ден 31.12.2020 година е проценета во износ од 588.533 илјади денари, а се однесува на извршени градежни работи за реконструкција на улици, тротоари, изградба на водовод и канализација и други градби.

Поради непреземени соодветни мерки со години наназад од страна на надлежните служби во општината за утврдување на фактичката состојба и обезбедување на соодветна поткрепувачка документација, како и отсуството на нивна меѓусебна соработка, завршените градби од позицијата материјални средства во подготовка се пренесени на вонбилансна евиденција, наместо да се евидентираат на соодветните позиции на Материјални средства и Државен јавен капитал и не е пресметана амортизација од денот на нивно ставање во употреба. Ваквата состојба не е во согласност со член 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 5 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално и необјективно проценување на позициите на Билансот на состојба за тековната година.

**Препорака:**

Секторот за финансиски прашања во соработка со Одделението за урбанизам и подготовка на урбанистички планови да ја обезбедат потребната документација за завршените градби и истите да ги евидентираат на соодветните билансни позиции.

## 4.3. Користење на средствата согласно законски прописи

### Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на Општина Аеродром за 2020 година со Законот за јавните набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција помеѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Врз основа на утврдените извори за финансирање, договорниот орган донесува план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи, со кој го определува очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за доделување на договорот. По потреба, договорниот орган во текот на годината може да го измени или дополни годишниот план за јавни набавки согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки.

Годишниот план за јавни набавки за 2020 година, во текот на годината бил менуван и дополнуван 8 (осум) пати, односно со првичниот план предвидени биле 99 постапки, а со последната измена и дополна 139 постапки што претставува 40 % зголемување, а спроведени се 71% од планираните постапки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 39 постапки за јавни набавки, од кои 25 постапки за јавни набавки спроведени во 2020 година и 14 постапки спроведени во 2019 година, а кои имаат реализација во годината предмет на ревизија. Вредноста на договорите во ревидираните постапки изнесува 202.738 илјади денари со вклучен ДДВ, што опфаќа 34,5% од вкупната вредност на доделените договори во износ од 587.771 илјада денари.

Со увидот во планирањето, спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки утврдени се следните состојби:

4.3.1. При спроведување на постапките за јавни набавки утврдивме непочитување на законските одредби во однос на:

- Кај 9 (девет) постапки за јавни набавки, чија вредност на склучените договори изнесува 81.670 илјади денари со вклучен ДДВ, одлуката за избор на најповолна понуда не е донесена во законски предвидениот рок, согласно член 112 од ЗЈН со кој договорниот орган е должен да донесе одлука за избор или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, односно пријавите за учество во конкретната постапка, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите, односно пријавите за учество, а не сметајќи ги

деновите во кои договорниот орган чека преземање одредено дејствие од друг субјект.

- Кај 10 (десет) постапки за јавни набавки, чија вредност на склучени договори изнесува 34.186 илјади денари со вклучен ДДВ, договор или рамковна спогодба во писмена форма не е склучен во рок од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор, што не е во согласност со член 112 став 4 во врска со член 116 став 1 од ЗЈН.

- Во период од 08.10.2019 до 31.12.2020 година врз основа на склучени договори[10] извршени се услуги за користење на интегрирани административни човечки ресурси за потребите на Општина Аеродром со правно лице и по тој основ исплатени се вкупно 257 илјади денари без спроведена постапка за јавна набавна, што не е во согласност со член 40 точка 1 став 1 од Законот за јавни набавки. Услугите кои се предмет на овој договор се реализирани од страна на лице кое во наведениот период е редовно вработено во друг орган на државна управа и не ги поседува потребните сертификати согласно законски утврдените посебни услови од областа на внатрешната ревизија, што не е во согласност со член 2 од договорите.

  Извршувањето на услуги од страна на не сертифицирани лица има влијание врз квалитетот на услугата, а набавката на услуги без да се спроведе соодветна постапка за јавна набавка не обезбедува фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

- Во текот на 2020 година без постапка за јавни набавки извршени се услуги за редовно годишно осигурување на возилата, сопственост на општината во износ од 179 илјади денари, што не е во согласност со член 40 точка 1 став 1 од Законот за јавни набавки.

  Утврдените слабости во примената на ЗЈН не обезбедуваат транспарентност, фер конкуренција и објективност при изборот на понудувачите што создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки.

**Препорака:**
Одговорните лица во општината кои се вклучени во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки да ги почитуваат законски пропишаните рокови и да спроведуваат соодветни постапки за набавка на добра, услуги или

[10]Договор за користење на посебни услуги (интегрирани административни човечки ресурси за потребите на Општина Аеродром) бр.08-7575/2 од 08.10.2019 година и
Договор за користење на посебни услуги (интегрирани административни човечки ресурси за потребите на Општина Аеродром) бр.05-47/1 од 03.01.2020 година

работи, на начин на кој ќе се обезбеди конкуренција помеѓу економските оператори и рационално користење на буџетските средства.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.1., 4.2. и 4.3. се однесуваат на:

- непочитување на законски пропишаната рамка за ангажирање на привремено вработени лица во општинската администрација;
- необезбедено законското право на осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување во договорите за ангажирање на сезонските работници за извршување на јавните работи;
- критеримите за оценка на барањата за донации и спонзорства се општи и не даваат уверување за оправданоста на доделените средства. Општината на својата веб страна не ги објавува субјектите кои добиле средства од буџетот на општината, а извештаите за реализираните програмски активности од областа на културата, спортот и социјалната заштита за 2020 година не содржат финансиски податоци за искористените средства;
- непрецизно утврдените критериуми се причина 98% од средствата од Програмата за поддршка на спортот за 2020 година да се искористат за поддршка на спортски клубови, а 2% за поддршка на училишен спорт. На КК МЗТ Скопје Аеродром, исплатени се 25.000 илјади денари или 90% од вкупните средства за поддршка на спортските клубови, по барање кои е општо, без програма за работа, активности и износот на средства за кои се бара финансиска поддршка;
- не евидентирано земјиште, дел од недвижниот имот сопственост на општината, инвестициони градби и други капитални вложувања и неправилно и нецелосно спроведен попис на средствата и обврските за 2020 година;
- непочитување на законски утврдените рокови и не спроведени постапки за јавни набавки.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2 финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Аеродром на ден 31 декември 2020 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечка законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.1 и 4.3 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Аеродром, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласувања на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Општина Аеродром за административно функционирање од 2005 година до 2020 година во континуитет користи објект под закуп, за кој во наведениот период има платено закупнина во вкупен износ од 79.335 илјади денари, или 1.3 милиони евра.

За надминување на состојбата и стекнување со сопствен простор Општината има преземено активности, кои се однесуваат на:

- во рамките на Планот[11] на програмите за развој на Општина Аеродром за периодот 2021-2023 година се предвидени средства во вкупен износ од 165.000 илјади денари за изградба на административна зграда, која треба да биде завршена заклучно со 2023 година;.
- спроведен е конкурс за избор на идејно решение за проектирање на управната (општинска) зграда и извршен е избор и рангирање на три најдобри поднесени идејни решенија;
- на 27.08.2021 година, објавен е оглас за јавна набавка за изработка на основен проект за општинската управна зграда, по моделот „Клуч на рака". Планирано е објектот да биде во населбата „Ново Лисиче", со вкупна бруто изградена површина од 4.076 м$^2$;

[11] Планот на програмите за развој на Општина Аеродром за периодот 2021-2023 година („Сл. гласник на Општина Аеродром" бр.13/20, 07/21 и 11/21)

- по завршување на процедурите за изработка на проектната документација, се очекува да биде распишан и повикот, односно јавната набавка, за избор на изведувач на самата градба.

Ревизијата смета дека ваквите преземени активности од страна на општината, во насока на решавање на долгогодишниот проблем со недостиг на сопствен простор за вршење на својата дејност се добар почеток кон надминување на состојбата и укажува на потребата од продолжување на преземените активности со планираната динамика.

6.2. Согласно мерките, препораките и одлуките на Владата на Република Северна Македонија и другите надлежни органи и институции, заради заштита, превенција и справување со пандемијата предизвикана од вирусот КОВИД – 19, Општина Аеродром исплатила средства во износ од 100 илјади денари на Црвениот крст на Град Скопје за поддршка на ранливи целни групи на територија на Град Скопје и Општина Аеродром, а за намалување на ризикот од инфицирање со вирусот Ковид 19.

## 7. Останати прашања

### Законски одредби за финансирање на активности од областа на спортот

7.1. Финансирањето на активностите од областа на спорт и рекреација е предвидено во листата на надлежности на општините, согласно член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа, меѓутоа не и во надлежности на општините во градот Скопје, во кои спаѓа и Општина Аеродром, дефинирани во член 15 од Законот за град Скопје, според кој во работи од јавен интерес не е вклучен спортот, како надлежност на општините во градот Скопје, односно согласно член 10 став 1 од истиот закон, оваа надлежност е дадена на градот Скопје.

Од друга страна, во член 22 - а од Законот за спортот, се утврдени надлежностите на општините, општините во град Скопје и град Скопје, во областа на спортот, меѓу кои се: развој на масовниот спорт и рекреативни активности на граѓаните, организирање на спортски приредби и манифестации, одржување и изградба на објекти за спорт, поддршка и унапредување на спортот, спортски клубови и професионални спортски клубови и поддржување на општинските сојузи и Сојузот на спортови на градот Скопје, а за нивно остварување, советите на општините и Советот на градот Скопје или комисијата на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје надлежна за спортот, донесуваат програми на предлог на општинските спортски сојузи и Сојузот на спортови на градот Скопје. Исто така, според овој член, програмите се финансираат од буџетот на општините и буџетот на Град Скопје, донации и спонзорства, а за исполнување на

програмите и роковите утврдени во нив, до советите на општините и Советот на град Скопје, сојузите на спортови на општините и Сојузот на спортови на градот Скопје, поднесуваат извештај.

Согласно наведеното, ревизијата е на мислење дека е потребно усогласување на законските прописи од аспект на попрецизно и појасно дефинирање и разграничување на надлежностите во областа на спортот, за општините во градот Скопје, начинот и условите на донесување на посебна програма во рамките на општината, донесен од советот и финансирање на ваквите активности од средствата одобрени со буџетот на општината.

Општина Аеродром

Сметка на основен буџет (637)

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 392.267 | 281.990 |
| **Вкупно приходи** | | **392.267** | **281.990** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 62.996 | 62.223 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 648 | 272 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 187.033 | 143.943 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 44.527 | 45.734 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **295.204** | **252.172** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 97.063 | 29.818 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **97.063** | **29.818** |
| **Вкупно расходи** | | **392.267** | **281.990** |

**Општина Аеродром**

**Сметка на основен буџет (637)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2020 ГОДИНА**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 185 | 92 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 82 | 4 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.3. | 111 | 119 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 53.588 | 24.867 |
| Залихи | 4.1.5. | 132 | 107 |
| **Вкупно тековни средства** | | **54.098** | **25.189** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 381 | 0 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 1.236.701 | 1.216.993 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 33.195 | 178.436 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.4. | 1.539 | 1.539 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1.271.816** | **1.396.968** |
| **Вкупна актива** | | **1.325.914** | **1.422.157** |
| **Вонбилансна евиденција -актива** | 4.3. | **588.533** | **437.277** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.4.1. | 40.649 | 18.550 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.4.2. | 8.361 | 1.989 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.4.3. | 4.578 | 4.328 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.4.4. | 33.573 | 178.651 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **87.161** | **203.518** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5. | 1.238.753 | 1.218.639 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1.238.753** | **1.218.639** |
| **Вкупна пасива** | | **1.325.914** | **1.422.157** |
| **Вонбилансна евиденција -пасива** | 4.6. | 588.533 | 437.277 |

Образложенијата се составен дел на финансиските извештаи

**Општина Аеродром**
**Сметка на основен буџет (637)**

# ПРЕГЛЕД
# НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали и акции основачки влог) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2020година** | **1.216.993** | **1.646** | **1.218.639** |
| **Зголемување по основ на:** | **51.810** | **1.992** | **53.802** |
| Набавки во текот на годината | 30.282 | 1.992 | 32.274 |
| Ревалоризација | 21.528 | | 21.528 |
| **Намалување по основ на:** | **31.721** | **1.967** | **33.688** |
| Отпис | | 1.967 | 1.967 |
| Амортизација | 31.721 | | 31.721 |
| **Состојба 31.12.2020 година** | **1.237.082** | **1.671** | **1.238.753** |

# 1. ВОВЕД

**Основни податоци**

Според официјалните податоци објавени од страна на Државниот завод за статистика, врз основ на пописот од 2002 година, вкупниот број на жители во Општина Аеродром е 72 009 жители.
Општина Аеродром се простира на површина од 20 км$^2$ и тоа: урбан дел 10,4 км$^2$ или 60%, рурално земјиште 9,6 км$^2$ или 40%. Општината е составена од седум населби и тоа: Мичурин, Аеродром, Јане Сандански, Лисиче, Ново Лисиче, Регионален центар, Горно Лисиче и Долно Лисиче.
Граници на општината: од мостот на железничката пруга на р. Вардар – тромеѓе на Општина Аеродром, Центар и Гази Баба и се движи долж Транспортен центар „Скопје", железничката пруга во правец кон Велес до мостот Маркова река, продолжува по надворешната граница на катастарска општина Долно Лисиче до р.Вардар и свртува спротивно до мостот на железничката пруга на р. Вардар.

**Дејност**

Општина Аеродром е единица на локална самоуправа, која согласно начелото на супсидијарност, на своето подрачје ги врши работите од јавен интерес од локално значење, што не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.
Општина Аеродром е надлежна за вршење на следните работи:

- планирање и уредвање на просторот, во делот на покренување на иницијативи донесување, измена и дополнување на просторниот лан на град Скопје и генералниот урбанистички план на градот Скопје,донесување на детални урбанистички планови, урбанистички проекти и урбанистички планови за населени места во општината, уредување на градежно земјиште во делот на опремување на градежното земјиште со објекти и инсталации од секундарната инфраструктура и др.,
- заштита на животната средина и природата, во смисла на покренување на иницијативи и преземање на мерки за заштита и спречување на загадување на водата, воздухот, земјиштето заштита на природата, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење,
- локален економски развој, во смисла на планирање на локалниот економски развој , уредување на развојни и стуктурни приоритети, подршка на развој на мали и средни претпријатија и на претприемништвото во општината,
- комунални дејности во смисла на изградба, одржување, реконструкција и заштита на сервисни и станбени улици и други инфраструктурни објекти, изградба и одржување на јавното осветлување на станбени и сервисни улици, одржување на јавна чистоте, одржување и користење на зеленилото на сервисните и станбени улици, дезинфекција и дезинсекција, изградба и одржување на јавни санитарни јазли и др,.

- култура, во смисла на институционална и финансиска подршка на установи и проекти од значење на општината, организирање на културни манифестации, потикнување на разновидни специфични форми на творештво и др.,
- преземање на мерки од областа на социјална заштита во согласност со закон и сопственост, управување, основање финансирање и одржување на јавните установи –детски градинки,
- образование, во смисла на основање, финансирање, како и администрирање и учество во управувањето со основните училишта во соработка со централната влас, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сметување во ученички домови и др.,
- здравствена заштита, во смисла на преземање на мерки и заштита на здравјето на работниците и заштита при работа, здравствен надзор на животната средина, надзор над заразните болести,
- заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања елементарни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив.
- надзор над вршењето на работи од надлежност на општината и
- други работи определени со Закон.

Општина Аеродром брои 72.009 жители утврдени со пописот од 2002 година и опфаќа единаесет урбани и една месна заедница со вкупна површина од 954,25 ха.
Општина Аеродром како единица на локалната самоуправа има својство на правно лице со седиште на булевар „Јане Сандански" бр.109 Б, Скопје.

Органи на општина Аеродром се: Советот кој се состои од 27 члена и Градоначалникот, кои се избираат за период од четири години.

**Организациска поставеност**

Администрацијата на општина Аеродром е организирана во сектори и одделенија и тоа:

- **Сектор за работи на градоначалникот**
  - Одделение за работи на градоначалникот и локален економски развој;
  - Одделение за односи со јавност и развој и подршка на интегралниот информациски систем и
  - Одделение за организациски работи.

- **Сектор за правни работи и имот и имотно правни работи**
  - Одделение за правни работи и имот и имотно правни работи;
  - Одделение за работи на Советот и
  - Одделение за јавни набавки.

- **Сектор за комунални работи и урбанизам и заштита на животната средина**
  - Одделение за комунални работи и заштита на животната средина и
  - Одделение за урбанизам и подготовка на урбанистички планови.

- **Сектор за финансиски прашања**
  - Одделение за буџетска координација;
  - Одделение за буџетска контрола;
  - Одделение за сметководство и плаќање и
  - Одделение за даноци, такси и други сопствени приходи.

- **Сектор за образовзние, спорт, култура и заштита**
  - Одделение за образование спорт и култура и
  - Одделение за социјална заштита, заштита на децата и заштита и спасување на граѓаните.

- **Одделение за управување со човечки ресурси**
- **Одделение за внатрешна ревизија**
- **Одделение за инспекциски работи**

**Интерни акти**

Основен акт на Општина Аеродром е статутот на Општина Аеродром („Сл. гласник" бр. 20/2012, 21/2014 и 23/2014) со кој се уредуваат прашањата за: надлежности на општината, организација и работа на органите на општината, општинската администрација, акти на општината, облици за непосредно учество на граѓаните во одлучувањето, информирање на граѓаните, извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба, сопственоста и финансирањето, месна самоуправа и други прашања од значење за општината.

Изворите на средства за работење на Општина Аеродром се обезбедуваат согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

Општина Аеродром финансиското работење на сметката на основен буџет (637) го врши преку сметка 775016011963717 отворена во рамките на Трезорската сметка:

Овластени лица за располагање со паричните средства на горе наведената сметка се:

- Златко Марин – градоначалник на Општина Аеродром за 2020 година;

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

**Основни начела**

2.1. Правото на корисниците за трошење на средства од Буџетот престанува на 31 декември. Сите неплатени обврски од фискалната година ќе бидат повторно одобрени и предвидени во позиција во Буџетот за следната фискална година.

2.2. Сите приходи на корисниците и нивните единки корисници, на единиците на локалната самоуправа и на фондовите се искажуваат во нивните буџети.

2.3. Обврските и трошоците се извршуваат во согласност со прописите за нивно извршување, а во рамките на проценетите трошоци во нивните буџети.

**Утврдување на приходи и расходи**

2.4. Признавањето на приходите и другите приливи, во билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело на парично искажување, во периодот во кој настанале и се наплатени до 31 декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост.

2.5. Расходите и другите одливи во билансот на приходи и расходи се признаваат според сметководственото начело на парично искажување, во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

**Ограничувања**

2.6. Корисниците на буџетите и единките корисници се должни одобрените средства од Буџетот да ги користат наменски и не смеат да преземаат обврски над лимитот од одобрените средства.

2.7. Износите на приходите наведени во годишниот буџетски документ не се фиксно определени и лимитирани.

2.8. Износите на расходите утврдени со годишниот буџетски документ се сметаат како максимални износи и над овие износи не може да се преземаат никакви обврски.

2.9. Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределби во тековната фискална година.

2.10. Одобрените средства за плати, и надоместоци во рамките на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

2.11. Буџетските корисници се должни да водат посебно сметководство за средствата од буџетот и за другите приходи, поединечно по буџетски корисници, по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметковниот план на буџетските корисници.

**Утврдување на состојбата на билансните позиции**

2.12. Под проценување на билансните позиции се подразбира утврдување на вредноста на одделни билансни позиции.

2.13. Буџетските корисници/единките ги водат оние сметки на кои во текот на тековната година ќе се појават финансиски трансакции односно промени, како и оние сметки на кои постои почетна состојба на почетокот на фискалната година,

побарувањата, состојбата и движењето на средствата, обврските и изворите на средствата.

2.14. Нематеријалните и материјални средства чија поединечна вредност во моментот на набавката е пониска од 300 ЕВРА во денарска противвредност се класифицираат како ситен инвентар.

2.15. При проценувањето на нематеријалните и материјални средства, во билансот се внесува износот на неотпишаната вредност на вложувањата, како и износите на набавната и отпишаната вредност.

2.16. Отписот на вредноста на нематеријалните и материјални средства се спроведува со праволиниска метода на отпис со примена на годишните стапки за отпис на средствата за буџетските корисници/единки корисници.

2.17. Основицата за отпис (пресметување на амортизација) се коригира за последователните издатоци со кои се подобрува состојбата на средството над неговиот корисен век на употреба, односно за вложувањата поради реконструкција, адаптација или други вложувања со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот и функционалната способност.

2.18. Основицата за амортизација се коригира и за дополнителната ревалоризациона вредност на нематеријалните и материјални средства.

2.19. Основица за отпишување на нематеријалните и материјални средства примени без надомест претставува проценетата набавна вредност.

2.20. Материјалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства почнале да се користат за вршење дејност. Нематеријалните средства започнуваат да се амортизираат од првиот ден на наредниот месец откога тие средства се спремни за употреба.

2.21. Отпишувањето на нематеријалните и материјални средства може привремено да се прекине за средствата што се оштетени од виша сила, до нивното оспособување за користење.

2.22. Обврската за отпишување не се однесува на следниве нематеријални и материјални средства:

- земјишта и шуми;
- градежни објекти и предметите - споменици на културата, историски споменици, дела на ликовната, вајарската, филмската и друга уметност (освен ако овие објекти не се користат за дејност од која се остваруваат приходи) и книгите во библиотеките;
- патиштата од локално значење со земјена и макадамска подлога, како и објектите кои се нивен составен дел;
- средствата кои трајно се надвор од употреба;

- средства чија употреба не е временски ограничена.

2.23. Амортизација се пресметува поединечно за секое средство во рамките на групите, се додека вредноста на нематеријалните и материјални средства не биде во целост надоместена.

2.24. Еднаш отпишано нематеријално и материјално средство, не може да биде предмет на повторно проценување и отпишување, без оглед на тоа што и натаму истото се користи.

2.25. Изворите на капитални средства со кои располагаат и управуваат корисниците на средства од буџетите ги сочинуваат:
- Државен - јавен капитал;
- Останат капитал (залихите на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност);
- Тековни обврски;
- Долгорочни обврски, и
- Извори на други средства

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## ПРИХОДИ

### 3.1. Трансфери и донации

Во Билансот на приходи и расходи на сметката на основен буџет (637) на Општина Аеродром во 2020 година се искажани приходи во износ од 392.267 илјади денари (2019 година - 281.990 илјади денари), кои претставуваат трансферирани средства од буџетот на општината за финансирање на платите и придонесите на вработените во општинската администрација, надоместоците на членовите на советот на општината, исплата на средства од резервите, набавка на стоки и услуги, субвенции и трансфери, капитални расходи за купување на опрема, проекти, реконструкција и изградба на градежни и други објекти и друго.

## РАСХОДИ

### 3.2. Тековни расходи

#### 3.2.1. Плати и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи од сметката на основен буџет (637) во износ од 62.996 илјади денари (2019 година – 62.223 илјади денари), од средствата кои се обезбедени од основен буџет (630) согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, и тоа по следните основи:

- плати и надоместоци, кои опфаќаат: плати на градоначалникот, државните службеници и другите вработени во општинската администрација и данок на личен доход на плати и надоместоци;
- придонеси за социјално осигурување кои ги опфаќаат придонесите за Пензискиот фонд, Фондот за здравство и Агенцијата за вработување и
- надоместоци кои ги опфаќаат надоместоците на членовите на советот.и регрес за годишен одмор за вработените во општината.

во 000 денари

| Опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Плати и надоместоци | 40.385 | 41.146 |
| Придонеси за социјално осигурување | 15.016 | 13.798 |
| Надоместоци | 7.595 | 7.279 |
| **Вкупно:** | **62.996** | **62.223** |

### 3.2.2. Резерви и недефинирани расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Аеродром, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во износ од 648 илјади денари (2019 година – 272 илјади денари), и тоа по основ на тековни резерви (финансиска помош на физички лица).

### 3.2.3. Стоки и услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Аеродром, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, и тоа по следните основи:

- патни и дневни расходи, кои вклучуваат расходи за сместување на вработени на службен пат во странство;
- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, кои опфаќаат: електрична енергија за улично осветлување и за работните простории, ѓубретарина, парно греење, пошта, фиксни и мобилни телефони, интернет, телевизија, горива и регистрација на моторни возила во сопственост на општината;
- материјали и ситен инвентар, кои опфаќаат набавка на: канцелариски материјали, списанија и весници, униформи, обувки, прехранбени продукти и пијалаци, средства за одржување на хигиена, ситен инвентар, резервни делови за поправка и одржување, заштитни маски за лице и други материјали;
- поправка и тековно одржување, кои вклучуваат: поправка и сервисирање на лесни и товарни возила и поправки на други возила, одржување на згради

(основни училишта), услуги за обезбедување на објекти (основни училишта и детски градинки), дезинфекција, дезинсекција и дератизација, одржување улици и патишта, одржување на јавно пешачки патеки, јавно осветлување, фонтани, спортски игралишта, клупи и корпи за отпадоци и одржување на други градби, поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема, поправка и одржување на ПП апарати и одржување на зелени површини;

- договорни услуги, кои опфаќаат: изнајмување на канцелариски простории, осигурување на моторни возила, адвокатски и правни услуги, вештачења, плаќање на судски такси, мерење на бучава, консултантски услуги, печатење на општински весник, визит карти и новогодишни честитки, рушење на објекти, надзор, договори со сезонски работници за извршување на јавни работи и други договорни услуги;
- други тековни расходи, кои опфаќаат: членарини во домашни организации, расходи за репрезентација, семинари и конференции, објавување на огласи и повици и други оперативни расходи и
- привремени вработувања.

во 000 денари

| Опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Патни и дневни расходи | 38 | 459 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 26.003 | 31.953 |
| Материјали и ситен инвентар | 14.676 | 11.855 |
| Поправки и тековно одржување | 108.576 | 52.697 |
| Договорни услуги | 27.875 | 37.385 |
| Други тековни расходи | 6.801 | 7.521 |
| Привремени вработувања | 3.064 | 2.073 |
| **Вкупно:** | **187.033** | **143.943** |

### 3.2.4. Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Аеродром, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по следните основи:

- трансфери до невладини организации, кои опфаќаат трансфери до: здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови и хуманитарни организации и
- разни трансфери, кои вклучуваат: плаќања по судски решенија, отпремнина за пензионирање и други трансфери за надоместоци за новороденчиња, првачиња, субвенции за велосипеди и топол оброк во училиштата и друго.

во 000 денари

| Опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Трансфери до невладини организации | 28.744 | 32.480 |
| Разни трансфери | 15.783 | 13.254 |
| **Вкупно:** | **44.527** | **45.734** |

### 3.3. Капитални расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Аеродром, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, и тоа по следните основи:

- купување на опрема и машини, што вклучува купување на: мерачи за испитување на квалитет на воздух, спортска опрема за спортски сали, клупи, корпи за отпадоци и заштитни столбови;
- други градежни објекти, што опфаќа: подготвување проектна документација, изградба и реконструкција на улици и патишта, откуп на авторско право за идејни решенија, подготовка на проекти за водоснабдување и ревизија на водоводна мрежа, изградба на капацитети за водоснабдување, водоводни приклучоци, барања за хидротехнички услови за инфраструктурни објекти, подготовка на проекти за фекална и атмосферска канализација, подготовка на сообраќајни проекти, хортикултурно и партерно уредување, лифтови за деца со посебни потреби, реконструкција и изградба на детски игралишта, ревизија на проекти за капитални објекти и друго, плаќање по времени ситуации за изградба на комунална инфраструктура (краци од улица, спортска сала, блоковско зеленило, фекална и атмосферска канализација, одржување и реконструкција на спортски игралишта, паркинг, уредување на паркови, хортикултурно и партерно уредување на објекти и др.), надзор над изведбата на градежните работи и друго;
- вложување и нефинансиски средства, што вклучува: купување на компјутерски софтвер и надомест за одземен имот, и
- купување на возила, што опфаќа набавка на метларка.

во 000 денари

| Опис | 2020 | 2019 |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| Купување на опрема и машини | 8.686 | 1.741 |
| Други градежни објекти | 81.820 | 27.674 |
| Купување на мебел | 0 | 199 |
| Вложувања и нефинансиски средства | 2.058 | 204 |
| Купување на возила | 4.499 | 0 |
| **Вкупно:** | **97.063** | **29.818** |

## 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## АКТИВА

### 4.1. Тековни средства

#### 4.1.1. Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции

Оваа позиција е проценета во висина од 185 илјади денари (2019 година – 92 илјади денари), и се однесува на побарувања од ЕВН за нови приклучоци, Авто-Мото Сојуз на Македонија за технички преглед на возила, Водовод и канализација за хидротехнички услови за изработка на техничка документација и Комората на овластени архитекти за членарина.

#### 4.1.2. Побарувања од вработените

Оваа позиција е проценета во висина од 82 илјади денари (2019 година – 4 илјади денари) и се однесува на побарувања по основ на Виза бизнис картичка која ја користат градоначалникот и претседателот на советот, како и побарувања од вработени по основ на дадени аванси од благајна за материјални и патни трошоци.

#### 4.1.3. Побарувања од државата и други институции

Оваа позиција е проценета во висина од 111 илјади денари (2019 година – 119 илјади денари), и се однесува на побарувања за повеќе платен данок на добивка.

#### 4.1.4. Активни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во висина од 53.588 илјади денари (2019 година – 24.867 илјади денари) и е усогласена со салдото искажано на ставките: краткорочни обврски спрема добавувачи, обврски спрема државата и други институции, краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените.

### 4.1.5. Залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар

Оваа позиција е проценета во висина од 132 илјади денари (2019 година – 107 илјади денари), и се однесува на залихи на материјали, кои опфаќаат: прехранбени продукти и пијалаци, средства за хигиена, канцелариски материјали, униформи и заштитна опрема за сезонски работници и друго.

## 4.2. Постојани средства

### 4.2.1. Нематеријални средства

Оваа позиција на крајот на 2020 година е проценета во износ од 381 илјада денари (2019 година - 0 денари), и опфаќа набавка на лиценциран софтвер, и е усогласена со проценетото салдо на позицијата Извори на капитални средства.

### 4.2.2. Материјални средства

Оваа позиција е проценета во висина на вредноста на градежни објекти и целокупната опрема, која во смисла на законските прописи ја претставува сегашната вредност добиена како разлика помеѓу набавната вредност и исправката на вредноста.. Сегашната вредност на материјалните средства на Општина Аеродром на крајот на 2020 година изнесува 1.236.701 илјада денари (2019 година – 1.216.993 илјади денари) и е усогласена со проценетата состојба на позицијата Извори на капитални средства.

Стапките на амортизација на материјалните средства се дадени во следната табела:

| Опис | Применети стапки во 2020 (во %) |
|---|---|
| Градежни објекти | 1, 3 и 4 |
| Компјутери | 20 |
| Опрема и мебел | 12 и 14 |
| Возила | 14 и 15 |

Состојбата и промените на постојаните средства во 2020 година се прикажани аналитички по групи во следната табела:

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)
# ОБРАЗЛОЖЕНИЈА КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА 2020 ГОДИНА

ПРОМЕНИ КАЈ ПОСТОЈАНИТЕ СРЕДСТВА ВО 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| ОПИС | Градежни објекти | Опрема | Други материјани средства | Нематеријални средства | Други долгорочни вложувања | Инвестиции во тек-градежни објекти, опрема и друго | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8=од 1 до 7 |
| | 020 | 022 | 010+011 | 00 | 04 | 030 | |
| **Набавна или ревалоризирана вредност** | | | | | | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2020** | **1.408.192** | **44.137** | **13.202** | **1.114** | **1.539** | **178.436** | **1.646.620** |
| Набавка во текотн на годината | | 29.859 | | 423 | | 6.015 | 36.297 |
| Пренос од средства во подготовка (во употреба) | | | | | | | - |
| **Вкупни зголемувања:** | - | **29.859** | | **423** | | **6.015** | **36.297** |
| Расходување | | 21 | | | | | 21 |
| Кусок | | 8 | | | | | 8 |
| Пренос од средства во подготовка на вонбилансна евиденција | - | | | | | 151.256 | 151.256 |
| **Вкупно намалување** | - | **29** | - | - | - | **151.256** | **151.285** |
| Ревалоризација | 25.585 | 1.000 | | | | | **26.585** |
| **Состојба на ден 31. Декември 2020** | **1.433.777** | **74.967** | **13.202** | **1.537** | **1.539** | **33.195** | **1.558.217** |
| **Исправка на вредност** | | | | | | | |
| **Состојба на ден 01 Јануари 2020** | **213.826** | **34.712** | | **1.114** | | | **249.652** |
| Амортизација за тековната година | 27.950 | 3.729 | | 42 | | | 31.721 |
| Расхододување | | (21) | | | | | (21) |
| Кусок | | (8) | | | | | (8) |
| Ревалоризација | 4.352 | 705 | | | | | 5.057 |
| **Состојба на ден 31.Декември 2020** | **246.128** | **39.117** | - | **1.156** | | - | **286.401** |
| **НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12.2020** | **1.187.649** | **35.850** | **13.202** | **381** | **1.539** | **33.195** | **1.271.816** |
| **НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12.2019** | **1.194.366** | **9.425** | **13.202** | - | **1.539** | **178.436** | **1.396.968** |

#### 4.2.3. Материјални средства во подготовка

Оваа позиција е проценета во висина од 33.195 илјади денари (2019 година – 178.436 илјади денари), а се однесува на извршени градежни работи за изградба на улици, водоводна и канализациона мрежа, јавно осветлување, пешачки патеки, паркови и друго.

#### 4.2.4. Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства

Оваа позиција е проценета во висина 1.539 илјади денари (2019 година – 1.539 илјади денари), а се однесува на вложувања во хартии од вредност – акции, како основачки влог во кошаркарскиот клуб КК МЗТ Скопје Аеродром АД Скопје.

### 4.3. Вонбилансна евиденција – активни сметки

Оваа позиција е проценета во висина од 588.533 илјади денари (2019 година - 437.277 илјади денари), а се однесува на завршени инвестициони вложувања: фудбалски и повеќе наменски игралишта, тениски терени, спортскиот центар „Јане Сандански", детски градинки, улици, пешачки патеки и тротоари, паркови, фекална и атмосферска канализација, водоводна мрежа, јавно осветлување, и др. за кои Општина Аеродром нема обезбедено соодветна документација и потврда за сопственоста.

## ПАСИВА

### 4.4. Тековни обврски

#### 4.4.1. Краткорочни обврски спрема добавувачи

Оваа позиција е проценета во висина на евидентирани, а неисплатени обврски кон добавувачите во износ од 40.649 илјади денари (2019 година - 18.550 илјади денари) и тоа:

- обврски спрема добавувачи во земјата, кои се однесуваат на преземени обврски по извршени работи и набавка на стоки и услуги;
- обврски спрема добавувачи - граѓани, кои се однесуваат обврски за: надоместоци за членови на совет, парична помош за новороденчиња, првачиња, лекување, субвенции за топол оброк и велосипеди, решенија за отпремнина при пензионирање, социјална помош и друго.

#### 4.4.2. Обврски спрема државата и други институции

Оваа позиција е проценета во висина од 8.361 илјада денари (2019 година – 1.989 илјади денари), по основ на евидентирани, а неисплатени обврски за: ДДВ и други даноци и придонеси.

### 4.4.3. Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените

Оваа позиција е проценета во висина од 4.578 илјади денари (2019 година - 4.328 илјади денари) по основ на пресметани плати и придонеси од плати спрема вработените за месец декември 2020 година, а исплатени во месец јануари 2021 година.

### 4.4.4. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во висина од 33.573 илјади денари (2019 година – 178.651 илјада денари) и се однесува на: материјални средства во подготовка, побарувања од вработените, побарувања за дадени аванси, депозити и кауции и побарувања од државата и други институции.

## 4.5. Извори на средства

### 4.5.1. Извори на капитални средства

Оваа позиција на 31.12.2020 година е проценета според номиналната вредност на државниот - јавен капитал и останат капитал во износ од 1.238.753 илјади денари (2019 година - 1.218.639 илјади денари).

### 4.6. Вонбилансна евиденција – пасивни сметки

Оваа позиција е проценета во висина од 588.533 илјади денари (2019 година – 437.277 илјади денари), а се однесува на завршени инвестициони вложувања: фудбалски и повеќе наменски игралишта, тениски терени, спортскиот центар „Јане Сандански", детски градинки, улици, пешачки патеки и тротоари, паркови, фекална и атмосферска канализација, водоводна мрежа, јавно осветлување, и др. за кои Општина Аеродром нема обезбедено соодветна документација и потврда за сопственоста.

**Преглед на резултатите**
**од преземените мерки од страна на субјектот предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 12-88/10 од 29.09.2016 година за извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Аеродром**

| Препорака број | Врска со наодот од КИ | Содржина на препораката | Статус на препораката* | Преземени мерки | Коментар на ревизорот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | 4.1.1. | Одговорното лице во општината да преземе активности за донесување на Програма за јавни работи, со која ќе се регулира ангажманот на лицата кои ја одржуваат јавната чистота на подрачјето на општината. | СП | Од страна на одделението за комунални работи и заштита на животната средина секоја година се изготвуваат Програми за јавни работи на територијата на Општина Аеродром, а кои потоа се разгледуваат и усвојуваат од страна на Советот. | |
| 2 | 4.2.1. | Одговорните лица да преземат мерки и активности за спроведување на пописот на | НС | | Пописната комисија нема извршено попис на материјалните средства во подготовка, ниту е |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | средствата и обврските на начин предвиден со законската регулатива. | | | извршен попис на градбите евидентирани на вонбилансна евиденција. |
| 3 | 4.2.2. | - Градоначалникот да преземе мерки за обезбедување на вредноста на недвижниот имот од субјектите од кои е преземено правото на сопственост или мерки за утврдување на вредноста на недвижниот имот од страна на овластен проценувач согласно законските прописи и Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот, и<br>- Надлежните служби да извршат евидентирање на утврдената вредност на градежните објекти кои се сопственост на општината. | ДС | | Надлежните служби не располагаат со целосна поткрепувачка документација, односно имотот добиен со Одлуки на Владата на РСМ не е во целост запишан во јавната книга за запишување на правата на недвижности во Агенцијата за катастар на недвижности и не е извршена процена на вредноста на имотот, основ за негово сметководтвено евидентирање. |
| 4 | 4.2.3. | Одговорниот сметководител во општината да преземе активности за | СП | Преземени се активности и воведена е евиденција на | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | воведување на целосна и точна материјална евиденција на извршениот прием и издавање на материјали. | | извршен прием и издавање на материјали. | |
| 5 | 4.3.1. | Одговорните лица за спроведување на постапките за јавни набавки и доделувањето на договорите за јавни набавки, да обезбедат законско постапување во процесот на јавни набавки. | НС | | Утврдените слабости во примената на ЗЈН не обезбедуваат транспарентност, фер конкуренција и објективност при изборот на понудувачите што создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки. |

*СП-спроведена, ДС- делумно спроведена, ВТ- во тек, НС- не спроведена, НП- не применлива